Врз основа на чл.417 од Законот за трговските друштва (ЗТД) в.в. со чл.62 од ЗТД и чл.83, 134 и 136 од статутот на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес заведен под деловоден број 01-241 од ден 24.06.2020 година, одборот на директори на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес на својата 1-ва вонредна седница одржана на ден 18.10.2022 година ја утврди и предложи, а собранието на акционери на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес на седницата одржана на ден 21.11.2022 година ја прифати и донесе следната

Прехранбена индустрија
КРИСТАЛ 1923 АД
Бр. 02-515/2
21. 11. 2022 год.
ВЕЛЕС

# ОДЛУКА
## За измена на статутот на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на статутот на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес заведен под деловоден број 01-241 од ден 24.06.2020 година.

**Член 2**

Се менува чл.13 од статутот така што во иднина истиот ќе гласи:

-Друштвото е правно лице кое самостојно врши дејност заради остварување на добивка.

Според законот како предмет на работење се запишува

ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС.

Оваа клаузула-назнака му овозможува на друштвото да ги врши сите дејности утврдени со Националната класификација на дејности, освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.

Приоритетна дејност/главна приходна шифра на друштвото е:

-10.41: Производство на масла и масти.

Евидентирани се дејности во надворешниот промет.

Други дејности: регистрирани дејности во надворешно трговскиот промет.

**Член 3**

Се менува член 141 од статутот на друштвото така што во иднина истиот ќе гласи:

-Со денот на влегување во сила на овој статут, престанува да важи статутот на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес (пречистен текст) заведен под деловоден број 01-241 од ден 24.06.2020 година.

**Член 4**

Останатиот текст од статутот останува непроменет.

Да се изработи пречистен текст на овој статут од страна на одборот на директори преку надлежната служба за правни и општи работи во друштвото.

Собрание на акционери
Претседавач,

Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД ВЕЛЕС